Предмет: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Врска: Ваш допис бр. 02-11399/3 од 28.11.2022

Почитувани,

Ме известувате дека се комплетно завршени градежните работи на регионалниот пат Р2138, врска со регионален пат Р2134, со населба Сончев град, но дека сеуште не се создадени услови за употребна дозвола и технички преглед на патот.

Ве молам да ми доставите фото-копија од следниве2 акти:

1-Актот со кој изведувачот го известува Јавното претпријатие за државни патишта дека градежните работи на патот се комплетно завршени;

2-Актот со кој изведувачот го известува Јавното претпријатие за државни патишта дека сеуште не се создадени услови за употребна дозвола и технички преглед на патот.

Со напомена дека ова мое барање е базирано на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, однапред благодарен.